**20251282817**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 7-а став 2 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАПЛАТА НА ТРОШОЦИ ПРИ УКАЖУВАЊЕ ПОМОШ (АСИСТЕНЦИЈА) ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

I. Во Решението за наплата на трошоци при укажување помош (асистенција) од страна на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/13), во дел I во алинејата 1 износот „360,00 денари“ се заменува со износот „600,00 денари“.

Во алинејата 2 по зборот „километар“ се додаваат зборовите „по возило“, а износот „60,00 денари“ се заменува со износот „100,00 денари“.

Во делот II. во алинејата 1 износот „600,00 денари“ се заменува со износот „900,00 денари“.

Во алинејата 2 по зборот „километар“ се додаваат зборовите „по возило“, а износот „60,00 денари“ се заменува со износот „100,00 денари“.

По делот II се додава нов дел II-а, кој гласи:

„II-а. Доколку барањето за асистенција се откаже во период од 24 часа пред спроведување на извршувањето на асистенцијата, подносителот на барањето ги надоместува трошоците во вредност од еден работен час по работник чие ангажирање е планирано.

Доколку асистенцијата се извршува ноќно време, во недела, во денови на празник или во неработни денови утврдени со закон, подносителот на барањето ги надоместува трошоците во износ зголемен за 30% од утврдената вредност на работен час на ангажиран работник.“.

II. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1 – 68611/1
23 јуни 2025 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.